УДК: 550.34(497.711):69.059.7]:341.232:355.1(7)"1963"

Сашо Додевски
Министерство за образование и наука
sdodevski@gmail.com

# ОПЕРАЦИЈАТА *HOME RUN*: АКЦИЈАТА НА ИНЖИНЕРИСКАТА ЕДИНИЦА НА АРМИЈАТА НА САД ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА САНАЦИЈА НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС ОД 26 ЈУЛИ 1963 Г. (ПО ПОВОД 60 ГОДИНИ ОД СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС)

*Апстракт.* – Трудот се однесува на упатената меѓународна помош по повод скопскиот земјотрес, во случајов, на операцијата *Home Run*, т.е. акцијата и ангажманот на инжинериската единица на американската армија испратена во Скопје за изградба и монтажа на објекти (бараки). Објектите биле изградени за користење со различна намена како помош на жителите на погодениот град и за санацијата на последиците од земјотресот. Меѓу многуте држави кои испратиле хуманитарна помош за Скопје биле и САД. Помошта била медицинска, техничка, финансиска, материјална, опрема итн. Специфика на оваа акција на американската армија бил и тогашниот историски контекст на Студената војна.

*Клучни зборови.* – Скопје, Скопски земјотрес, армија на САД, инжинериска единица, изградба на објекти.

На 26 јули 1963 година, Скопје, главниот град на СР Македонија, во 05:17 часот, бил погоден од катастрофален земјотрес со 9 степени по Меркалиевата скала, односно магнитуда од 6,1 степени според Рихтеровата скала на длабочина од 5 до 7 км. Главниот потрес траел 20 секунди, а помали потреси имало до 5 часот и 43 минути. Скопскиот земјотрес се почувствувал на простор од околу 150.000 квадратни километри, најсилно низ долината на реката Вардар (5–6 степени), но и низ цела Македонија

(4–5 степени), како и во соседните држави. Од катастрофалниот потрес, 10.000 лица се нашле под урнатините на објектите, биле урнати 15.800 станови а оштетени 28.000 или 80% од станбениот фонд на градот. Над 200.000 луѓе останале без покрив над глава. Животот го загубиле 1070 граѓани, биле повредени над 3.300 граѓани, трајни инвалиди останале повеќе од 1.200 лица. Штетата од земјотресот била проценета на 15% од БДП (општествениот доход) на цела тогашна Југославија за таа година. Во денешна вредност, штетата изнесува неколку милијарди долари. Првата помош за граѓаните на Скопје ја пружила ЈНА[1] и граѓаните на тогашните југословенски републики, а кратко по земјотресот започнала да пристигнува и голема меѓународната помош и спасувачки екипи од целиот свет. Повеќе од 80 држави од светот и разни меѓународни организации испратиле помош во Скопје и помогнале градот да се изгради повторно.[2] Според усвоениот документ од Генералното собрание на ООН[3] на 14 октомври 1963 година, градот Скопје ќе го добие епитетот „град на солидарноста и меѓународното пријателство".[4]

Меѓу државите кои испратиле хуманитарна помош во Скопје биле и САД. Во таа функција била ангажирана армијата на САД стационирана во Европа. Армијата на САД претходно учествувала во голем број мисии (хуманитарни, спасувачки, логистички итн.) по Втората светска

---

[1] ЈНА – Југословенска Народна Армија.

[2] *Скопје–Skopje 1963*. Agencija za fotodokumentaciju, Zagreb, 1963; Popovski, Jovan. *Hronika jedne skopske godine*. Centar za informacije gradske skupšine Skoplja, Skopje, 1964; Матковски, Александар. *Хроника на земјотресот во Скопје*. Култура, Скопје, 1964; Томовски, Иван. *Земјотрес*. Студентски збор, Скопје, 1977; *Скопје 1963–1973*. Собрание на град Скопје, Скопје, 1973; *Скопје: град на солидарноста*. Фонд за обнова и изградба на Скопје, Скопје, 1975; *Скопје: 26 јули 1963 - 26 јули 1983: 20 години обнова и изградба*. Одбор за одбележување на 20-годишнината обнова и изградба на Скопје, Нова Македонија, Скопје, 1983; Јордановски, Коле. *Скопје: катастрофа, обнова, искуство*. Матица македонска, Скопје, 1993; Jordanovski, Kole; Watts, Kenneth. *Skopje: catastrophe–renewal–experience*. Matica makedonska, Skopje, 2004; Наумовска, Сенка; Шопов, Иван. *50 години од земјотресот во Скопје: Скопје 1963-2014: Скопје - антично или модерно*, Темплум, Скопје, 2014; д-р Ивица Милевски, *Некои податоци за катастрофалниот земјотрес во Скопје од 1963 година* (25.07.2013), (https://www.igeografija.mk/Portal/?p=4239).

[3] Поопширно за активностите на ООН во врска со скопскиот земјотрес, *Skopje Resurgent - The Story of a United Nations Special Fund Town Planning Project*, United Nations, New York, 1970.

[4] Resolution adopted by the General Assembly of the United Nation: Meseaures in connexion with earthquake at Skoplje, Yugoslavia, 14 October 1963.

војна.[5] Меѓу тие мисии биле и двете операции поврзани со скопскиот земјотрес: *Blue Boy* и *Home Run*. Спецификите и посебностите на овие мисии биле повеќебројни од меѓународен и историски контекст.

Имено, тоа била прва мисија на армијата на САД во една социјалистичка држава (СР Македонија во тоа време како дел од СФР Југославија) по Втората светска војна, прва мисија на армијата на САД зад железната завеса, прв контакт и соработка на армијата на САД и советската армија во укажувањето на помош на граѓаните на Скопје после средбата на реката Елба за време на Втората светска војна,[6] прва средба на двете армии после Кубанската криза во 1962 година и кризата предизвикана со изградбата на Берлинскиот ѕид 1961/62 година.

Помошта и мисијата на армијата на САД за време на скопскиот земјотрес, вклучувала дипломатска, медицинска и техничка активност.

Највисоките државни политички претставници и институции на САД изразиле сочуство и понудиле пружање на помош по земјотресот во Скопје. Изјава[7] по тој повод дал претседателот на САД Џон Ф. Кенеди.[8] *„Со жал и загриженост узнав за катастрофалниот земјотрес во град Скопје и за трагичните загуби во човечки жртви што таму се случија. Му дадов инструкции на нашиот амбасадор да воспостави најтесни врски со југословенските власти и да се дадат од наша страна сите соодветни средства за олеснување на страдањата и тешкотиите во Скопје. Исто така побарав од секретарот за одбрана да ги извести нашите воени власти во Европа да ја понудат сета можна и спроведлива помош“*.[9] Сочуство од САД било изразено преку амбасадата во Белград,

---

[5] USAFE Humanitarian Operations 1945–1997, (https://www.globalsecurity.org/military/library/report/1997/humanops.htm); US Army Europe History, (https://www.eur.army.mil/Mission-History).

[6] Popovski, Jovan. *Hronika jedne skopske godine*..., 85–87; Томовски, Иван. *Земјотрес*..., 97–98.

[7] „Изрази на сочуство до претседателот Тито“, Нова Македонија, XX/6027, 28.07.1963, 2.

[8] Џон Кенеди (1917–1963), 35 претседател на САД.

[9] Во знак на благодарност за ангажманот и укажаната помош на претседателот Кенеди и на САД и на американскиот народ за скопскиот земјотрес, претседателот на Градското собрание (градоначалник) на Скопје, Благој Попов на 18 јуни 1966 година, ја посетил Белата куќа во Вашингтон каде се сретнал со претседателот на САД Линдон Б. Џонсон на кого му ја предал Повелбата за благодарност на град Скопје. Исто така, Собранието на град Скопје на 15 јули 1968 година, донело одлука за именување на улица во Скопје според претседателот на САД „Џон Кенеди“, која постои до денес во скопската општина Чаир. На 19 март 1970 година, Собранието на град

упатено до Државниот секретаријат за надворешни работи на Југославија.[10]

На конференцијата за печат за домашните и странските новинари одржана во Скопје, Мито Мицајков, член на Републичкиот штаб за одбрана од елементарни непогоди нагласил дека, претседателот на САД Кенеди понудил дел од американските трупи во Европа со механизација да учествуваат во помошта при отстранувањето на последиците од земјотресот.[11] Претседателот Јосип Броз Тито[12] на 7 август 1963 година, се заблагодарил на претседателот на САД, Џон Ф. Кенеди за изразите на сочуство по повод земјотресот во Скопје.[13]

Во активностите околу реализацијата на американската помош за Скопје биле вклучени највисоките американски политички функционери, претседателот на САД Џон Ф. Кенеди, државниот секретар Дин Раск,[14] државниот секретар за одбрана Роберт Мек Намара,[15] советникот за национална безбедност Мекџорџ Банди,[16] американскиот амбасадор во Југославија Џорџ Кенан[17] и дипломати во амбасадата на САД во Белград.[18] Американскиот амбасадор Џорџ Кенан, кој бил на заминување од амбасадорската позиција и членови на амбасадата дарувале крв за постраданите во земјотресот. Исто така, биле ангажирани и највисоките воени претставници на американската армија стационирани во Европа, генерал Пол Фримен[19] командант на американската армија во Европа и

Скопје донело Решение за именување на улица „Вашингтонска“ која постои до денес во скопската општина Шуто Оризари.

[10] „Сочуства до Државниот секретаријат за надворешни работи“, Нова Македонија, број XX/6026, 27.07.1963, 4.

[11] „Напорима и средствима читаве Југославије градиће се ново Скопје“, Борба, XXVIII/206, 28.07.1963, 2.

[12] Јосип Броз Тито (1892–1980), политичар, лидер, државник и претседател на Авнојска Југославија.

[13] „Благодарност од Тито по повод изразеното сочуство“, Нова Македонија, број XX/6038, 8.08.1963, 1.

[14] Дејвид Дин Раск (David Dean Rusk) (1909–1994), државен секретар на САД (1961–1969).

[15] Роберт Мек Намара (Robert Strange McNamara) (1916–2009), државен секретар за одбрана на САД (1961–1968).

[16] Мекџорџ Банди (McGeorge "Mac" Bundy) (1919–1996), советник за национална безбедност на САД (1961–1966).

[17] Џорџ Кенан (George Frost Kennan) (1904–2005), американски дипломат, амбасадор на САД во СФР Југославија (1961–1963).

[18] „Американскиот амбасадор даде крв“, Нова Македонија, број XX/6027, 28.07.1963, 8.

[19] Пол Фримен (Paul Lamar Freeman Jr.) (1907–1988), генерал на армијата на САД.

генерал Флојд Вергеланд,[20] командант на санитетката служба на американската армија во Европа.

По завршувањето на воено-медицинската мисија *Blue Boy* со повлекување на 8-та полска болница од Куманово,[21] американската помош за Скопје продолжила во форма на воено-техничка помош за изградба на привремени сместувачки објекти (монтажни бараки) за сместување на погоденото население. Прашањето за упатување на американска помош за скопскиот земјотрес, било тема во официјалните разговори на претседателите Тито и Кенеди, при титовата посета на Белата куќа во Вашингтон на 17 октомври 1963 година. Во заедничкото соопштение од разговорите, претседателот Тито од името на народот на Југославија и на југословенската влада, изразил особено почитување за укажаната американска помош при спасувањето на жртвите од скопскиот земјотрес.[22] На средбата претседателот Кенеди понудил изградба на објекти во

---

[20] Флојд Л. Вергеланд (Floyd Lawrence Wergeland) (1904–1979), генерал на армијата на САД.

[21] Станува збор за 8-мата полска (мобилна/теренска) болница, воено-медицинска единица на армијата на САД стационирана во медицинскиот центар лоциран во градот Ландстул, Западна Германија. Болницата била под оперативна контрола на 62-та медицинска група во рамките на 7-та американска армија во Европа. Болницата била единица со долга и богата воена традиција од областа на санитетот и медицинската нега. Била формирана во текот на Втората светска војна во 1942 година во Вирџинија. Како медицинска единица оперирала во Северна Африка, Казабланка, Алжир, Сицилија, Италија, Германија. По завршувањето на војната била приклучена кон Регионалниот медицински центар на армијата на САД во Ландстул, Западна Германија, како дел од санитетската служба на 7-мата американска армија во Европа. Кон крајот на 60-тите години од минатиот век, единицата била дислоцирана во САД. Според достапните податоци, единицата подоцна била расформирана и денес не постои. По пристигнувањето, болницата со комплетната медицинска опрема (120 кревети, хируршки операциони сали, лабораторија, ренген, одделение за прием (тријажа), пред и пост-оперативна работа, шок соба, стоматологија, стерилизација и перална, медицински залихи (плазма), кујна, менза, администрација, тушеви, тоалети, сопствен агрегат за електрично осветлување, систем за прочистување на вода) и персонал од 225 лица (лекари, медицински сестри, техничари, возачи и друг персонал), била стационирана на спортскиот аеродром Аџи Тепе кај Куманово. Функционирала од 29 јули до 12 август 1963 година. Командант на единицата и на мисијата бил потполковник д-р Џорџ Ц. Сантос. Операцијата е именувана како *Blue Boy*.

[22] Joint Statement Following Discussions with the President of Yugoslavia. October 17, 1963, (Doc. 421), Public Papers of the Presidents of the United States, John F. Kennedy, Containing the Public Messages, Speeches and Statements of the President, January 1 to November 22 1963, United States Government Printing Office, Washington, 1963, 790.

Скопје. Во таа насока, следниот ден на 18 октомври 1963 година, од Белата куќа бил упатен Меморандум бр. 267 до Секретарот за одбрана на САД и до администраторот на Агенцијата за меѓународен развој во кој се наведува дека поради итната потреба од привремено сместување на настраданото население, Претседателот на САД му наложува на Секретарот за одбрана да преземе акција и да ги ангажира воените капацитети за превоз и изградба на привремени престојувалишта во Скопје т.е. 250 бараки од типот Butler или Nissen huts.[23] Организацијата на акцијата ја реализирала и координирала амбасадата на САД во Белград а подигнувањето и изградбата на објектите требало да ги вршат воени инженери и војници на американската армија.[24]

Операцијата во записите на хуманитарните акции на американската армија е позната под називот *Operation Home Run*. Мисијата се реализирала во две фази. Првата фаза била извидување и планирање и втората фаза реализација и конструкција на објектите. Во насока на реализацијата на првата фаза од мисијата група од осум американски инженериски офицери предводена од полковник Џек Фиксен, пристигнала во Скопје на 22 октомври 1963 година,[25] во набљудувачка мисија со цел да се утврдат деталите околу конструкцијата на објектите: комунални услуги, патишта, железнички линии, опрема, работна сила, локација на објектите, изработка на планот за конструкција, локација на кампот, логистика итн. Американските офицери по пристигнувањето, биле примени од највисоките државно-политички и локални раководители на СР Македонија и градот Скопје. Тие одржале состанок со директорот на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје инж. Коле Јордановски,[26] заменик генералниот директор инж. Томислав Папеш, директорот

---

[23] National Security Action Memorandum No. 267, Washington, October 18, 1963 (Disaster Assistance for Skopje); Source: Department of State, S/S–NSC Files: Lot 72 D 316, NSAM 267; Foreign Relations of the United States, 1961–1963, Volume XVI, Eastern Europe; Cyprus; Greece; Turkey; (https://history.state.gov/historicaldocuments/frus1961-63v16/d163).

[24] Robert G. Cleveland, Economic Counselor and Director of USAID Mission in Belgrade (1963–1965), (https://adst.org/wp-content/uploads/2018/02/Macedonia.pdf).

[25] Билтен на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје, година I, број 12, 22.10.1963, (Државен архив на Република Северна Македонија (понатаму: ДАРСМ), Одделение Скопје, ф. 235 Билтени на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје 1963–1967, кут. 8, а.е 1); „Во Скопје пристигна група офицери од инженериските сили на Американската армија", Нова Македонија, XX/6117, 24.10.1963, 2.

[26] Коле Јордановски (1926–?), функционер, политичар и експерт на ООН, директор на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје по скопскиот земјотрес.

на Заводот за урбанизам инж. Галиќ, претставникот на Дирекцијата за станбена и комунална изградба инж. Вишински и претставникот на ЈНА мајор Стојковиќ. На средбата се разговарало за можните локации на населбата, надзорот над изградбата на објектите (требало да го вршат американски офицери), работната сила требало да ја обезбеди дирекцијата, планиран период на изградба на објектите 60 дена, утврдување на начинот на пренесување на градежната опрема и материјали.[27]

На состанокот со претседателот (премиерот на македонската влада) на Извршниот совет Александар Грличков,[28] со потпретседателот на Градското собрание на Скопје Драгољуб Ставрев[29] на кои присуствувал и директорот на дирекцијата за обнова и изградба на Скопје инж. Коле Јордановски, била договорен планот за реализацијата на проектот. Било договорено објектите кои ќе ги гради американската инженериска единица (монтажни бараки) (познати како Butler buildings) да: ги задоволи потребите на дел од Скопскиот универзитет, изградба и адаптација на објекти за изведување настава во основното школство, објекти за сместување на населението што во тој момент живеело под шатори и за извесен дел на потреби на приградските монтажни населби, станбени згради и други комунални и општествени згради.[30] Било утврдено да бидат изградени 250 објекти, во димензии 20 на 48 стапки (6 метри ширина на 14,4 метри должина), со површина од 86,4 метри квадратни, основа од бетонски блокови, вертикални ѕидови, дрвен под, полукружен покрив, со 16 прозори. Бараките можеле да служат како станови за живеење, продавници, спални, училишта, градинки, студентски домови итн.[31] Об-

[27] Билтен на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје, година I, број 13, 23.10.1963, 7, (ДАРСМ, Одделение Скопје, ф. 235 Билтени на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје 1963–1967, кут. 8, а.е 1).

[28] Александар Грличков (1923–1989), политичар, професор, економист и теоретичар. Член, потпретседател и претседател на Извршниот совет на НР/СР Македонија (1961–1965), член и потпретседател на Сојузниот извршен совет.

[29] Драгољуб Ставрев (1932–2003), државник, општественик и политичар. Потпретседател и претседател (1969–1974) на Собранието на град Скопје во времето на обновата и изградбата по земјотресот, потпретседател на Сојузниот извршен совет (1978–1982), претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ (1982–1984) и претседател на Претседателството на СРМ (1986–1988).

[30] „Александар Грличков ја прими групата американски офицери", Нова Македонија, XX/6118, 25.10.1963, 1; Билтен на генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје, година I, број 33, 16.11.1963, 10 (ДАРСМ, Одделение Скопје, ф. 235 Билтени на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје 1963–1967, кут. 8, а.е 1).

[31] „Amerika pomaže susedu–Skopju", *Pregled*, VII/8–9, August–Septembar 1964, 63.

јектите требало да бидат опремени со електична енергија, греење и друга неопходна инсталација. На американските војници помош при изградбата требале да дадат и околу 400 локални работници. Доставувањето на материјалите се вршело со железнички и со авионски транспорт. Локацијата за изградбата на монтажните бараки за сместување на населението била утврдена да биде во Шуто Оризари.[32] Поради итноста на ситуацијата американските офицери истакнале дека ќе се заложат објектите да бидат изградени во најкус можен рок.

Шуто Оризари нова станбена населба во која има најголема концентрација на Роми. Населбата ќе биде изградена како резултат на барањето место за лоцирање на американските воени бараки, кои, адаптирани требало да послужат за станбени потреби. Покрај тоа, населбата Топаана, во која имало најголем број ромски семејства, била тешко оштетена во земјотресот. За Топаана се барала нова локација и со Шуто Оризари се сметало дека ќе се успее да се расчисти топаанскиот супстандард. Со изградбата на Шуто Оризари навистина се изградила далеку поубава станбена населба, ако таа се споредува со населбата Топаана.[33]

Во втората фаза започнала практичната реализација на проектот. Задачата за реализација и конструкција на објектите и била доделена на 39-тата инженериска група на американската армија, која оперативно функционирала во рамките на 7-мата инженериска бригада, стационирана во Етлинген, Западна Германија.[34] Единицата ја сочинувале 11 офицери и 140 војници. Командант на американската инженериска единица бил потполковник Френклин Б. Мун.[35] Единицата ја сочинувале припадници/војници избрани врз доброволна основа. По извршените подготовки околу составувањето на трупите, транспортот, опремата, логистиката итн., претходницата на единицата на 14 ноември 1963 година, составена од седум високи американски офицери допатувала во Скопје

---

[32] „Утврдена локацијата на американските бараки во Скопје", Нова Македонија, број XX/6134, 10.11.1963, 2.

[33] Јордановски, Коле. *Скопје: катастрофа, обнова, искуство...*, 198.

[34] Angstadt, P. John, Army Disaster Relief at Skopje, *The Military Engineer*, Vol. 57, No. 377 (May-June 1965), 159–161.

[35] Френклин Б. Мун (Franklin "Frank" Boyd Moon) (1922–2019), роден во Литл Рок, Арканзас. Офицер во инжинериските сили на армијата на САД. Како офицер на различни командни и формациски позиции службувал во Англија, Франција, Германија, Филипини, Виетнам и Тајланд. Сепак, во неговата биографија за најзначаен настан е службата во Скопје во 1963–1964 година, како командант на специјалната американска инженериска единица која учествувала во мисијата за помош за време на скопскиот земјотрес. Починал во 2019 година во Колорадо Спрингс.

со авион[36] а главнината од единицата со опремата со воз била транспортирана до Скопје и истата пристигнала на 17 ноември 1963 година. На железничката станица во Скопје единицата била пречекана од Драгољуб Ставрев кој им посакал добредојде во главниот град на СР Македонија и им изразил благодарност за нивниот одѕив да работат на обновата на Скопје.[37]

Следните денови, по растоварувањето на опремата, единицата го поставила нејзиниот камп во Шуто Оризари. Опремата ја сочинувале: камиони, кранови, грејдери, цистерни за гориво, генератори, компресори итн. Единицата била снабдена и со потребните градежни материјали и друга опрема. Бил организиран систем на работа според кој: биле направени 40 работни екипи составени од американски војници и локални работници. Супервизијата на групите ја вршеле американски офицери. Комплетната операција траела од 17 ноември 1963 до 11 февруари 1964 година, со вклучени 80 работни дена и 219.618 работни часа. Не биле забележани никакви безбедносни и инженериски проблеми при конструкцијата на објектите. Како проблем при конструкцијата се истакнува дождливото време, калта и менувањето на локациите за изградба на објектите. Припадниците на мисијата стекнале симпатии кај локалното население.[38]

За организацијата и функционирањето на единицата го имаме следниот запис на офицерот за печат, мајор Портер. Единицата не е оддел на некоја инженериска единица. Пред да се формира упатен е повик за доброволци. Се пријавиле повеќе од 1000 војници. Единицата ќе престојува во шатори со дрвени подови кои имаат специјални печки за загревање. Во логорот има шатори за разонода на војниците: шах, пинг понг, книги, проектирање филмови и друго. Има сопствена кујна и бањи, агрегати за загревање, сопствени залихи на храна. Објектите треба да се завршат од 60 до 90 дена во зависност од временските услови, навремената испорака на деловите и брзината на обучувањето на работниците кои ќе помагаат. Со работа се почнува во 6.30 часот и се работи сѐ до стемнување.[39]

---

[36] „Група високи офицери на американската инженериска единица допатува во Скопје“, Нова Македонија, XX/6139, 15.11.1963, 5.

[37] „Инженериската единица на американската армија допатува во Скопје“, Нова Македонија, број XX/6142, 18.11.1963, 2.

[38] Angstadt, John, Army Disaster Relief at Skopje..., 159–161.

[39] „Над илјада доброволци“, Вечер, I/8, 19.11.1963, 8.

За импресиите на припадниците на единицата за пресотојот и работата во Скопје сведочи следниов запис пренесен на страниците на дневниот весник „Вечер“ од војникот Ричард Рамирез. *„Бев многу задоволен кога меѓу бројните кандидати и мене ме избраа да дојдам и да помогнам во монтирањето бараки за сместување на вашите граѓани кои останаа без покрив. Со нетрпение го очекував денот за поаѓањето за Скопје и еве сега сум тука веќе три недели. Веднаш со група колеги од единицата го разгледавме градот за кој толку пишуваа весниците. Но, навистина да ви кажам, сепак, она што го видов ни од далеку не можев да си го претставам читајќи ги новинските извештаи и гледајќи ги телевизиските преноси. Разурнувањата се многу големи а сега може само да се замисли претставата за градот кој пред катастрофата бил, верувам, мошне убав и интересен за туристите поради контрасната архитектура. Овде ми е многу добро, веќе се запознав со неколку млади луѓе и сите тие кон мене се однесуваат како одамна да се познаваме. Мислам дека најсилен впечаток, кој секогаш ќе ми остане во сеќавање, на мене остави еланот на луѓето кои го градат градот и обемноста на задачата што овде е презамена. Исто така бев мелку изненаден кога забележав дека голем број, особено млади луѓе, го говорат мојот јазик“.*[40]

Освен изградбата на објектите, единицата учествувала и во други активности во Скопје како: изградба на патишта во други населби, копање на канали за водовод, поставување на водоводни цевки итн.[41]

Биле одржувани редовни средби и консултации со републичките раководители и со градските локални власти. Секретарот на ЦК на СКМ Крсте Црвенковски[42] го посетил логорот на американската единица за да се запознае со текот на работата околу изградбата на монтажните објекти.[43] Претседателот на Градското собрание (градоначалник) на Скопје

---

[40] „Среќен сум што мене ме избраа да дојдам во Скопје“, Вечер, I/53, 11.11.1963, 8.

[41] Билтен на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје, година I, број 39, 23.11.1963, 9-10. (ДАРСМ, Одделение Скопје, ф. 235 Билтени на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје 1963–1967, кут. 8, а.е 1).

[42] Крсте Црвенковски (1921–2001), политичар, општественик, државник. Извршувал високи партиски, политички, државни сојузни и републички функции. Член на Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НРМ, член на Извршниот совет на НРМ (1951–1953), потпретседател на Извршниот совет на НРМ (1953–1958), министер за образование и култура во Владата на СФРЈ (1958–1963), претседател и секретар на ЦК на СКМ, член на Извршното биро на ЦК СКЈ, член и потпретседател на Претседателството на СФРЈ (1971–1974).

[43] „Крсте Црвенковски го посети логорот на американската армија во Скопје“, Нова Македонија, XX/6172, 19.12.1963, 1.

Благој Попов,[44] остварил средба со делегација на високи американски претставници која ја сочинувале Лоренс Иглбергер,[45] втор секретар во американската амбасада во Белград, полковник Рејмонд Клак, потполковник Роберт Таб и потполковник Френклин Мун.[46] Американските војници биле посетени и од високи воени претставници на тогашната ЈНА. Логорот на единицата го посетил генерал Иван Гошњак,[47] тогашен државен секретар за народна одбрана и заменик-командант на вооружените сили на Југославија.[48] Американски офицери присуствувале и на свечеността по повод ставањето во употреба на други објекти направени како дел од меѓународната помош за Скопје.

Работата на американските војници редовно била претставувана и присутна во тогашните медиуми како во СР Македонија така и во тогашна Југославија. За поблизок контакт со медиумите и јавноста, единицата имала офицер за печат. Потполковнк Мун во почетокот на декември 1963 година, ја информирал јавноста за работата и за текот на активностите на единицата и притоа изјавил дека е импресиониран од решеноста на жителите на Скопје да работат на обновата и изградбата на својот град кој катастрофалниот земјотрес, речиси, наполно го уништи и во него да живеат.[49]

---

[44] Благој Попов (1920–1992), политичар, извршувал високи партиски, политички, државни сојузни и републички функции: претседател на Градскотот собрание (градоначалник) на Скопје (1963–1969), член на Сојузниот извршен совет, член и претседател на Извршниот совет на СРМ (1974–1982), пратеник во Сојузното собрание, член на Претседателството на СРМ (1982–1986).

[45] Лоренс Сидни Иглбергер (Lawrence Sidney Eagleburger 1930–2011), американски дипломат и државник. Извршувал високи дипломатски и политички функции во САД. Амбасадор на САД во СФРЈ (1977–1981), Државен секретар на САД (1992–1993). Во време на земјотресот, дипломат во американската амбасада во Белград од каде бил поставен за главен координатор на американската помош за Скопје. Во 1966 година, од градот Скопје му била доделена Спомен плакета за особени заслуги за град Скопје за неговиот ангажман за организацијата, координацијата и испраќањето на американската помош при скопскиот земјотрес. За неговиот ангажман во дипломатските кругови го добил надимакот "Лоренс од Македонија" инспирирано од популарниот филм од тој период, Лоренс од Арабија. Во 2008 година, со одлука на Советот на град Скопје е прогласен за почесен граѓанин на Скопје.

[46] „Претставници на американската инженериска единица кај Благој Попов", Нова Македонија, XX/6159, 6.12.1963, 2.

[47] Иван Гошњак (1909–1980), југословенски генерал.

[48] „Иван Гошњак во Скопје", Нова Македонија, XX/6163, 10.12.1963, 1.

[49] „Импресионирам сум од решителноста на жителите на Скопје да работат на обновата и изградбата на својот град", Нова Македонија, XX/6159, 6.12.1963, 2.

Еден од немилите настани кои ја одбележиле работата на единицата во Скопје било убиството на претседателот Џон Ф. Кенеди во Далас на 22 ноември 1963 година. Високи републички раководители, претставници на локалната власт и воени лица го посетиле логорот на единицата и изразиле сочуство.[50] Притоа потполковник Мун истакнал: *„многу сум импресиониран од бројните изрази на сочуство не само од претставиците на власта туку и од граѓаните на Скопје... Ќе настојуваме што побрзо да ја завршиме населбата, која овде во вашиот град ќе остане траен спомен за претседателот Кенеди, кој трагично загина како жртва на едно гнасно злосторство“.*[51] Градоначалникот Благој Попов испратил и телеграма со сочуство до американската амбасада во Белград.[52]

Американските војници работеле во содејство и со помош на локални работници и студенти организирани во студентски бригади, работници од домашни претпријатија како „Пролет“ и „Новоградба“, станбените заедници „20 Јуни“ и „Братство“ и металското претпријатие „Коце Металец“, со околу 400 работници.[53] На страниците на гласилото на студентите на скопскиот универзитет “Студентски збор” забележани се следниве записи:

*„Бригадата „Кузман Јосифовски - Питу“, треба со помош на американската инженериска единица да монтира 25 бараки, кои се дадени како поклон од американската влада за нашиот Универзитет. Од нив 17 бараки ќе бидат лоцирани во студентската населба кај Педагошката академија, 3 кај Техничкиот факултет и 5 бараки кај студентската населба под Гази Баба... За време на работата бригадирите и американските војници се зближуваат... Иако не го знаеме јазикот ние помеѓу себе имаме многу добри односи. Некои кои и малку го познаваат јазикот прават различни обиди да ни посредуваат. Со работата се уверив дека јазикот не може да биде пречка за разбирање и соработка помеѓу луѓето. Јас сум посебно задоволен од одговорниот на нашата група - Купер. Секогаш ќе се сеќавам на оваа работна акција и деновите поминати со американските војници.“*[54]

---

[50] „Изјави на сочуство на американската воена единица“, Нова Македонија, XX/6149, 24.11.1963, 1.

[51] „Жалост во логорот на американската воена единица“, Вечер, I/12, 23.11.1963 година, 2.

[52] „Телеграма од Благој Попов до американската амбасада“, Нова Македонија, XX/6149, 24.11.1963, 1.

[53] „Досега: 90 отсто од задачата“, Вечер, II/62, 25.01.1964, 8.

[54] „Работиме независно од временските услови“, Студентски збор, X/18, 13.12.1963, 5.

*„Во прославата на првата декада учествуваа и американските војници кои работат со бригадата Кузман Јосифовски – Питу. Нашите бригадири заедно со американските војници влегоа во салата со заедничко оро. Со нивното присуство прославата доби посебен акцент. Гостите многу внимателно ја ислушаа програмата на бригадирите. Со долги аплаузи, тие го поздравија успехот на бригадирите. Прослава на декадата продолжи со заедничка веселба на бригадирите со американските војници. Дирлива беше сликата на непосредноста на нашите бригадири према гостите. Бригадирите не го знаеја јазикот на гостите, но тоа не пречеше помеѓу себе да се разбираат. Тие делуваа како стари познаници. Ние знаеме дека тие се познаваат само од градилиштето. Десет дена навистина се малку да се научи јазикот на еден далечен народ. Нашите бригадири разговараа со гостите на наш јази. Дури некои од гостите веќе имаа добиено од бригадирите наши имиња. Со малите познавања од нашиот јазик американските војници се разбираа со нашите бригадири. Низ шеги и смеа, под тактот на музиката, бригадирите и гостите направија заедничка атмосфера на расположение. На крајот од програмата одговорниот на американските војници се заблагодари од името на целата инженериска единица.*[55]

Во близина на воената болница, покрај Вардар, претпријатието „Коце Металец“ од Скопје врши монтирање на 8 бараки, кои се подарок на владата на САД. Бараките се наменети за училиштето „Лирија“. Со работите раководи како инструктор поручникот Моншауер, кој се наоѓа во составот на американската инженериска воена единица.[56]

Покрај работата на изградбата на објектите, американските војници го посетиле и Охрид и други места низ СР Македонија.[57]

По неколкунеделна работа на 14 јануари 1964 година, со пригодна свеченост биле ставени во употреба првите изградени 25 монтажни студенски објекти: 17 објекти лоцирани во близина на Вишата педагошка академија во Тафталице, 5 кај студентскиот дом Стив Наумов и 3 кај Техничкиот факултет во Карпош II. На свеченоста присуствувала висока републичка и американска делегација: Кемал Сејфула,[58] потпретседател

---

[55] „По најлошото време остварени 194,5 проценти“, Студентски збор, X/19, 20.12.1963, 5.

[56] „8 бараки за „Лирија“, Вечер, I/32, 19.12.1963 година, 8–9.

[57] „Група на инженериската единица на САД во посета на Охрид“, Нова Македонија, XXI/6203, 22.01.1964, 6.

[58] Кемал Сејфула (1921–1978), политичар, член на Владата на Македонија министер за локални работи и локална индустрија (1951–1953), градоначалник на Скопје 1951–

на Извршниот совет, Тиберие Киријас, секретар на секретаријатот за станбена и комунална изградба на Извршниот совет, Трајко Стојков директор на Дирекцијата за станбена и комунална изградба, проф. Ѓорѓи Филиповски[59] ректор на Скопскиот универзитет, Ерик Кочер, вршител на работите при американската амбасада во Белград, Волтер Робертс советник за култура и печат, Харолд Енгл аташе за културни врски и печат, американскиот генерален конзул во Загреб, Валтер Робертс, потполковник Мун, капетан Смит со претставници на единицата.[60]

Трајко Стојков истакнал: *„Ја користам приликава уште еднаш да се заблагодарам на несебичната помош што владата на САД а посебно на неодамна починатиот претседател Кенеди, му ја упати на пострааното Скопје, помош која нашите граѓани посебно ја ценат како знак на едно големо пријателство меѓу наите две земји, како хуман акт упатен на еден град, кој што по еден трагичен настан, стана симбол на пријателството меѓу народите, симбол на меѓународната солидарност... Заблагодарувајќи се на помошта од САД на пострааното Скопје во монтажни објекти ние не можеме а да не ја споменеме и повторно изразиме благодарноста и за добиената помош во т.н. прва фаза, што се состои во 50 милиони долари, од кои 25 милиони како подарок а другите во вид на кредит. Помошта од 252 монтажни објекти ќе најде корисна примена во нашиот град. Во нив ќе се сместат дел од граѓаните, чии станови се урнати во земјотресот или ќе се урнат поради оштетеност, а некои објекти ќе се употребат за школски, интернатски и други потреби. За успешно извршување на задачите и реализацијата на помошта, покрај нашите градежни претпријатија многу придонесоа и инженериската единица на американската армија, која вложи многу труд и напори во изминатиот период. Сакам уште еднаш да се заблагодарам на г-ин Мун и неговите војници за успешното извршување на поставените задачи“.*

Харолд Енгл истакнал: *„Нам, Американците, кои го познаваме Скопје, мило ни е што што Владата и народот од САД можеа да земат учество – иако малку – во помагање на населението во Скопје и нивниот пат кон нов град. Посебно ни е драго што беше возможно да се издвојат*

1954, потпретседател на Извршниот совет на СРМ (1963–1967), пратеник во Собранието на СРМ, амбасадор на СФРЈ во Замбија и Боцвана (1969–1973).

[59] Ѓорѓи Филиповски (1919–2019), академик, професор, ректор на УКИМ и член на МАНУ.

[60] „Американците предадоа во употреба 25 монтажни згради“, „Тоа е меѓународен потфат“, Нова Македонија, XXI/6197, 15.01.1964, 1 и 6; „Готови првите студентски бараки“, Вечер, II/53, 15.01.1964 година, 6.

*овие 25 Батлерови згради за потребите на Универзитетот во Скопје. Изградбата на овие објеки беше, секако, еден меѓународен заеднички потфат. Колку што ми е познато, Скопскиот универзитет сам ги изгради темелите на зградите. Студентите учествувале во подигањето на зградите и сакам посебно да ја истакнам нивната работа. Без нивните напори, изградбата би траела многу подолго. Офицерите, подофицерите и војниците на 39тата инженериска група, исто така, го дадоа својот придонес и сакам да им оддадам признание на тројца членови од оваа група, што ја надгледуваа изградбата: подофицерот Де Воре и редниците Купер и Бојт. Се надеваме дека овие Батлерови згради, иако скромни како објекти, ќе овозможат нормално одвивање на работата на еден вистински универзитет. Доколку работата на Универзитетот во Скопје добро се одвива под сегашните тешки услови, благодарејќи на нашите Батлер згради, тогаш ние од САД ќе бидеме задоволни што можевме да го дадеме нашиот придонес. Во овој дух, господине ректоре, со големо лично задоволство, во име на Владата на САД ви ги предавам вам овие згради да ги користи универзитетот во Скопје".*[61]

На 30 јануари 1964 година, во логорот на единицата во Шуто Оризари била одржана свеченост и прошталнa посета по повод завршувањето на нејзината мисија, работа и заминување од Скопје. На настанот присуствувале Благој Попов, Боро Миљовски[62] републички секретар за информации, претседателите на општинските собранија на Скопје, претставници на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје и Дирекцијата за станбена и комунална изградба на Скопје и група на високи офицери на ЈНА и комплетната американска единица со потполковник Мун. Во говорот Благој Попов ја истакнал големата благодарност на граѓаните на Скопје, Градското собрание и општествено-политичките организации за напорот кој единицата го вложила во монтирањето на објектите – помош од Владата на САД. На сите припадници на единицата им биле доделени пригодни подароци.[63]

---

[61] Изјавите на Трајко Стојков и Харолд Енгл се пренесени од дневните весници Нова Македонија и Вечер (види фуснота 60).

[62] Борис Миљовски (1921–1991), новинар, публицист и дипломат. Директор на Радио Скопје, главен и одговорен уредник на весникот „Нова Македонија", член на Извршниот совет на СР Македонија (секретар за информации), генерален конзул на СФРЈ во Бразил (1968–1973), амбасадор на СФРЈ во Уругвај (1976–1980).

[63] „Воената единица од САД ја заврши работата", Вечер, II/67, 31.01.1964, 1 и 8; „Објектите симбол на пријателството меѓу народите на САД и Југославија", Нова Македонија, XXI/6212, 31.01.1964, 4;

Благој Попов во продолжение рекол: *„За неколку дена вие ќе ја напуштите нашата земја, извршувајќи ја задачата што како помош од народот и владата на вашата земја ја давате на употреба на настраданото население на нашиот град. Вашиот престој во нашата средина е исполнет со мошне забележителни пријателски искуства кон нашиот народ. Со вашата самопрегорна работа за овој краток временски интервал вие извршивте мошне значајна задача, сврзана со сместувањето на луѓето во Скопје. Ние, неговите жители го цениме високо овој придонес и ќе знаеме длабоко да ги чуваме спомените во нашите срца. Времето во кое живееме е исполнето со многубројни неизвесности за утрешнината на човештвото. За радост на сите нас заедно многубројни се и моментите што внесуваат ведрина во очекувањата во идниот развиток на човештвото. Во името на тие очекувања и ценетиот претседател на САД, починатиот Џон Кенеди го изгуби својот живот токму во моментот кога вложуваше најголеми напори за продлабочување на чинителите што ја обезбедуваат посигурната утрешнина на човештвото. Поради тоа, нашите народи искрено жалеа и сочуствуваа со оваа загуба. За нас скопјаните уште повеќе и затоа, што токму задачата што вие ја извршувате произлегува од договорот меѓу претседателот на СФРЈ маршалот Тито и тогашниот претседател на САД Џон Кенеди. Каква е величината на длабоките хумани чувства на луѓето од сите краишта на светот кога е во прашање да се врати животот таму каде што стихијата се обидува да ги запре неговите текови! Веројатно е дека Скопје и неговите жители, во катастрофата што ја доживејаа, така ненадејно на 26 јули минатата година не ќе можеа така успешно да ѝ се спротиставaт без солидарноста на околу 80 земји од светот што му ја пружија и денес ја пружаат, а особено без несебичната пожртвуваност на сите народи на СФРЈ, чии градители и спасувачки екипи од првиот ден на катастрофата ја делат судбината на разурнатиот град. На крајот дозволете ми господине Мун, посебно на вас да ви се заблагодарам за сите настојувања што заедно со вашите соработници и луѓето што ги командувате, ги направивте за време на својот престој во нашиот град. Нашето признание симболизирано на начин како што тоа денес го правиме преку скромните спомени многу повеќе се изразува низ уверувања во времето што останува зад нас дадовме скромен придонес за пријателството меѓу народите на СФРЈ и САД“.*

Потполковник Мун истакнал: *„Сигурен сум дека зборувам од името на сите мои војници кога ви заблагодарувам за срдечниот прием на кој наидовме. Големо задоволство на секој од нас претставува фактот*

*дека и ние придонесовме за ублажување на катастрофата од 1963 година. Сите ние имаме пријатели во Скопје и ве уверувам дека ќе ни недостасуваат по нашето заминување. Уште еднаш сакам да ви благодарам за вашата љубезност и гостопримство кое ни беше Скопје“.*[64]

Претставници на единицата биле примени во прошталнa посета од највисоките воени претставници на ЈНА. На 31 јануари 1964 година, командантот на скопската армиска област генерал Анте Банина,[65] го примил во прошталнa посета потполковник Мун и неговиот заменик Јустис Громе. Во текот на разговорите потполковник Мун го запознал генерал Банина со резултатите од двомесечната работа на неговата единица во Скопје, за подигнатите монтажни објекти за сместување на пострада照ните семејства, за подигнатите објекти за Скопскиот универзитет, училишта, детски и други социјални установи. Генералот Банина во име на скопската армиска област се заблагодарил на американските инженерци за укажаната помош на постраданиот град и им предал пригодни подароци. Заблагодарувајќи се за подароците и желбите за среќен пат, потполковник Мун истакнал дека контактите и соработката со старешините од командата во Скопје ја олесниле работата на инженерците за извршување на оваа одговорна задача.[66]

Припадниците на единицата, заминале од Скопје во два ешалона, првиот на 1 февруари 1964,[67] и вториот на 3 февруари 1964 година.[68] Во Скопје останал командантот потполковник Мун со група од 15 војници за да присуствува на свеченото предавање во употреба на изградените објекти. На 5 февруари 1964, во ресторанот Метропол, Крсте Црвенковски и Благој Попов приредиле свечен прием, ручек и коктел во чест на припадниците на американската армија на која присуствувале и претставници од политичкиот и воениот врв, Кемал Сејфула, Мито Мицајков (секретар на Градскиот комитет на ЦК), Ацо Ицев (претседател на Фондот за обнова и изградба на Скопје), генерал-полковник Анте Банина.[69]

---

[64] Изјавите на Благој Попов и Френклин Мун се пренесени од дневните весници Нова Македонија и Вечер (види фуснота 63).

[65] Анте Банина (1915–1977), политичар и генерал на ЈНА.

[66] „Prijem kod generala Banine“, Narodna Armija, XX/1279, 7.02.1964, 3.

[67] „Замина од Скопје првиот ешалон на американската воена единица“, Нова Македонија, XXI/6214, 2.02.1964, 1.

[68] „Од Скопје замина и втората група на инженерската единица од САД“, Нова Македонија, XXI/6216, 4.02.1964, 2; „Заминува II ешалон од американската воена единица“, Вечер, II/71, 5.01.1964, 8.

[69] „Крсте Црвенковски и Благој Попов приредија ручек за претставниците на инженериската единица на САД“, Нова Македонија, XXI/6218, 6.02.1964, 1.

Свечената церемонија на примопредавање и ставање во употреба на изградените 162 објекти во населбата Шуто Оризари била направена на 10 февруари 1964 година, во присуство на висока државно-политичка делегација на СР Македонија, Благој Попов, инж. Кочо Китановски потпретседател на Градското Собрание, Реис Шакири потпретседател на Собранието на СРМ, Мемед Шакир претседател на собранието на општина Кале, Кемал Сејфула, Васил Гривчев[70] член на Извршниот совет и член на Комитетот за обнова и изградба на Скопје, Мито Мицајков, воена делегација и високи офицери на ЈНА и на САД, генерал-потполковник Бошко Ѓукановиќ, полковник Ивица Збиљски, генерал-полковник Пол Фримен, генерал-мајор Мерсер Волтер помошник на началникот на американската армија во Европа, генерал-мајор Флојд Вегерланд, полковниците Џек Фиксен и Рејмон Клок, мајор Џон Гилбер, Ерик Кочер вршител на должноста на работите во амбасадата на САД во Белград, потполковник Френклин Мун и други високи американски офицери.[71]

Свеченоста ја отворил Мемед Шакир: *„Денес присуствуваме на уште еден свечен и незаборавен момент, на уште една победа над уништувачките сили на природата и нивните последици... Од особена важност е што оваа населба се изградува на територијата на општината Кале на која со тоа ѝ се овозможува згрижување на семејствата на кои им е потребен посигурен покрив над главите во овие студени зимски денови... Во низа манифестации на помош и поддршка од американската влада и народ, а особено од така трагично загинатиот претседател на САД Џон Кенеди изградбата на американската населба е еден вонреден придонес и еден споменик на пријателството меѓу југословенските и американскиот народ...“*

Ерик Кочер истакнал: *„Многу се слуша за воените функции на армиите, но овде во Југославија ние ја гледаме сосем поинаквата, но подеднакво важната страна – мирољубивата и конструктиваната функција на армиите. Под ова не ја подразбирам само армијата на САД туку и Југословенската народна армија и другите армии. Скопје беше сјаен пример за ова... Беше пријатно да се гледа како разни армии добро ги извршуваат задачите во помогнувањето на ранетите, расчистувањето на урнатините и почнувањето на изградбата на она што сигурно ќе биде ед-*

---

[70] Васил Гривчев (1922–1996), економист, универзитетски професор и политичар.

[71] „Американските станови предадени“, Вечер, II/75, 10.02.1964, 1; „Предадена населбата Шуто Оризаре“, Вечер, II/76, 11.02.1964, 1 и 8; „Скопје–убав пример на мирољубива и корисна соработка“, Нова Македонија, XXI/6223, 11.02.1964, 1 и 8;

*но подобро и поголемо Скопје... Особено сум среќен што ова беше еден заеднички напор со југословенските власти и народот... Амбасадата е задоволна со трајната и пријателска соработка меѓу оваа единица и народот на Скопје“.*

Пол Фримен истакнал: *„Храброста на граѓаните на Скопје соочени со катастрофата што го уништи нивниот град како и нивната одлука да изградат нов град се здоби со почитување во целиот свет... Ова е уште еден успех на југословенско-американската соработка. Во врска со ова нашето Министерство на војската ѝ одаде признание на инженериската единица и ја награди со посебна пофалба... Оваа трагедија овде во Скопје го потреси светот дека природата останува страотна и дека не прави разлика. Се чини дека она најлошото во природата го исфрлува на површина она најдоброто во човекот. Наспроти вештачките разлики, инстиктивното чувство за братство е еден од универзалните јазици што е разбирлив и што се манифестира кај сите во време на кризи...“*

Васил Гривчев истакнал: *„Во тој тежок ден се јавија и вистинските пријатели на југословенските народи и дојде до израз човечката солидарност воопшто. Веста за несреќата во Скопје ги возбуди луѓето на многу меридијани во светот. Многу луѓе во светот, некои помалку, некои повеќе, го дадоа својот придонес за олеснување на положбата на Скопје. Во листата на дарителите особено место им припадна на САД... Владата на САД со дадената помош го покажа своето пријателско чувство кон народите на Југославија и во определена мерка го олесни напорот на југословенската заедница и народите, кои за обновата и изградбата на Скопје ќе треба да вложат повеќе стотици милијарди динари... Овој ден во скопската хроника ќе биде означен како ден кога Американецот и Југословенот заедно, под вонредни услови и во рекордно време, успејаа да изградат една населба во која ќе добијат покрив многу скопјани чии домови стихијата ги уништи..“.*[72]

Според архивските податоци од Фондот за помагање обновата на Скопје, објекти изградени од американската инжинериска единица во Скопје се:

- населба Шуто Оризари ... 264 стана
- детска градина Боца Иванова ... 7 хангари

[72] Изјавите на Мемет Шакир, Ерик Кочер, Пол Фримен и Васил Гривчев се пренесени од дневните весници Нова Македонија и Вечер (види фуснота 71).

- училиште 26 јули н. Шуто Оризари ... 20 бараки
- дом за ученици во стопанство 11 Октомври ... 17 бараки
- детска градина во Шуто Оризари ...2 бараки
- прифатилиште за деца и младинци во Бутел 1 ... 7 бараки
- интернат на албанска учителска школа Зеф Љуш Марку ... 14 бараки
- училиште Ѓуро Салај ... 7 бараки[73]

Становите во населбата Шуто Оризари, подарок од САД, се всушност метални бараки. Со оглед на потребите од простор и за други придружни функции дел од овие објекти е адаптиран а потоа и соодветно опремен за различни намени. На тој начин се изградени две детски градинки, две младински прифатилишта, две студентски населби, две осумгодишни училишта и центар за градежни работници. За овие намени се искористени 93 метални бараки. Изградени се вкупно 268 станови на локацијата во Шуто Оризари со површина од 12.152м$^2$.[74] Вредноста на објектите изнесувала околу 1.100.000 долари.

Последната група од 15 американски војници предводена од потполковник Мун го напуштила Скопје на 11 февруари 1964 година. На тој начин завршила мисијата на американската инженериска единица во Скопје, односно, операцијата “Home Run”.

За ангажманот и пружената помош на Скопје, Градското собрание на Скопје на 14 јули 1965 година, донело Решение за доделување спомен плакета за особени заслуги за град Скопје на американската инженериска единица.[75]

Интересот и ангажманот на САД за користењето и целосното ставање во функција на објектите продолжило и по нивната изградба, за што сведочи посетата на амбасадорот на САД во Југославија Чарлс Берк Елбрик[76] на 18 и 19 мај 1964 година, на Скопје. Притоа ги посетил објектите изградени од американската армија во Шуто Оризари во придружба на Коле Јордановски а со проректорот на скопскиот универзитет проф. Јоже Улчар ги посетил објектите на скопскиот универзитет. Амбасадорот Елбрик се сретнал и со високи државни политички претставници, Александар Гличков, инж. Киро Георгиевски претседател на Репуб-

[73] ДАРСМ, Одделение Скопје, ф. 79: Фонд за помагање обновата на Скопје, кут. 11, а.е 1. (Во листата недостасуваат 25 студентски објекти на скопскиот универзитет).

[74] *Скопје: град на солидарноста...*, 260.

[75] Службен гласник на град Скопје, бр. 171, 26 јули 1965, 3.

[76] Чарлс Берк Елбрик (Charles Burke Elbrick) (1908–1983), американски дипломат и амбасадор на САД во СФРЈ (1964–1969).

личкиот собор на Собранието на СРМ, Реис Шакири, проф. Јоже Улчар и Драгољуб Ставрев.[77] Амбасадата на САД во Белград редовно ги следела активностите за инфраструктурно до-уредување на објектите и ставање во фунција и за тоа редовно комуницирала со сојузните, републичките и локалните власти.[78]

## БИБЛИОГРАФИЈА

### КНИГИ И ПУБЛИКАЦИИ

*Скопје - Skopje 1963*. Agencija za fotodokumentaciju, Zagreb, 1963.

Popovski, Jovan. *Hronika jedne skopske godine*. Centar za informacije gradske skupšine Skoplja, Skopje, 1964.

Матковски, Александар. *Хроника на земјотресот во Скопје*. Култура, Скопје, 1964.

Томовски, Иван. *Земјотрес*. Студентски збор, Скопје, 1977; Скопје 1963–1973. Собрание на град Скопје, Скопје, 1973.

*Скопје: град на солидарноста*. Фонд за обнова и изградба на Скопје, Скопје, 1975.

Скопје: 26 јули 1963 - 26 јули 1983: 20 години обнова и изградба. Одбор за одбележување на 20-годишнината обнова и изградба на Скопје, Нова Македонија, Скопје, 1983.

Јордановски, Коле. *Скопје: катастрофа, обнова, искуство*. Матица македонска, Скопје, 1993.

Jordanovski, Kole; Watts, Kenneth. *Skopje: catastrophe – renewal – experience*. Matica makedonska, Skopje, 2004.

Наумовска, Сенка; Шопов, Иван. *50 години од земјотресот во Скопје: Скопје 1963-2014: Скопје - антички или модерно*, Темплум, Скопје, 2014.

*Skopje Resurgent - The Story of a United Nations Special Fund Town Planning Project*, United Nations, New York, 1970.

### АРХИВСКИ ФОНДОВИ

Билтен на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје, година I, број 12, 22.10.1963, (ДАРСМ, Одделение во Скопје, ф. 235 Билтени на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје 1963 – 1967, кут. 8, а.е 1).

[77] Odnosi izmedju Jugoslavije i Sjedinjenih država, *Pregled Mesečne novosti*, Dodatak za Jun 1964, 1–2; „Александар Грличков го прими амбасадорот на САД во Југославија“, Нова Македонија, XXI/6320, 20.05.1964, 1; „Амбасадорот на САД кај Грличков“, Вечер, II/160, 20.05.1964, 1.

[78] ДАРСМ, Одделение Скопје, ф. 79: Фонд за помагање обновата на Скопје, кут. 11, а.е 1.

Билтен на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје, година I, број 13, 23.10.1963, 7, (ДАРСМ, Одделение во Скопје, ф. 235 Билтени на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје 1963 – 1967, кут. 8, а.е 1).

Билтен на генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје, година I, број 33, 16.11.1963, 10 (ДАРСМ, Одделение во Скопје, ф. 235 Билтени на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје 1963 – 1967, кут. 8, а.е 1).

Билтен на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје, година I, број 39, 23.11.1963, 9-10. (ДАРСМ, Одделение во Скопје, ф. 235 Билтени на Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје 1963 – 1967, кут. 8, а.е 1).

ДАРСМ, Одделение Скопје, ф. 79: Фонд за помагање обновата на Скопје, кут. 11, а.е 1.

## ДОКУМЕНТИ

Joint Statement Following Discussions with the President of Yugoslavia. October 17, 1963, (Doc. 421), Public Papers of the Presidents of the United States, John F. Kennedy, Containing the Public Messages, Speeches and Statements of the President, January 1 to November 22 1963, United States Government Printing Office, Washington, 1963, 790.

National Security Action Memorandum No. 267, Washington, October 18, 1963 (Disaster Assistance for Skopje); Source: Department of State, S/S–NSC Files: Lot 72 D 316, NSAM 267; Foreign Relations of the United States, 1961–1963, Volume XVI, Eastern Europe; Cyprus; Greece; Turkey;

(https://history.state.gov/historicaldocuments/frus1961-63v16/d163).

Resolution adopted by the General Assembly of the United Nation: Meseaures in connexion with earthquake at Skoplje, Yugoslavia, 14 October 1963.

Службен гласник на град Скопје, бр. 171, 26 јули 1965, 3.

## ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА

„Изрази на сочувство до претседателот Тито“, Нова Македонија, XX/6027, 28.07.1963, 2.

„Сочуства до Државниот секретаријат за надворешни работи“, Нова Македонија, број XX/6026, 27.07.1963, 4.

„Напорима и средствима читаве Југославије градиће се ново Скопје“, Борба, XXVIII/206, 28.07.1963, 2.

„Благодарност од Тито по повод изразеното сочуство“, Нова Македонија, број XX/6038, 8.08.1963, 1.

„Американскиот амбасадор даде крв“, Нова Македонија, број XX/6027, 28.07.1963, 8.

„Во Скопје пристигна група офицери од инженериските сили на Американската армија“, Нова Македонија, XX/6117, 24.10.1963, 2.

„Александар Грличков ја прими групата американски офицери“, Нова Македонија, XX/6118, 25.10.1963, 1;

„Amerika pomaže susedu – Skopju“, *Pregled*, VII/8–9, August-Septembar 1964, 59–64.

„Утврдена локацијата на американските бараки во Скопје“, Нова Македонија, број XX/6134, 10.11.1963, 2.

Angstadt, P. John, Army Disaster Relief at Skopje, *The Military Engineer*, Vol. 57, No. 377 (May-June 1965), 159–161.

„Група високи офицери на американската инженериска единица допатува во Скопје", Нова Македонија, XX/6139, 15.11.1963, 5.

„Инженериската единица на американската армија допатува во Скопје", Нова Македонија, број XX/6142, 18.11.1963, 2.

„Над илјада доброволци", Вечер, I/8, 19.11.1963, 8.

„Среќен сум што мене ме избраа да дојдам во Скопје", Вечер, I/53, 11.11.1963, 8.

„Крсте Црвенковски го посети логорот на американската армија во Скопје", Нова Македонија, XX/6172, година, 19.12.1963, 1.

„Претставници на американската инженериска единица кај Благој Попов", Нова Македонија, XX/6159, 6.12.1963, 2.

„Иван Гошњак во Скопје", Нова Македонија, XX/6163, 10.12.1963, 1.

„Импресионирам сум од решителноста на жителите на Скопје да работат на обновата и изградбата на својот град", Нова Македонија, XX/6159, 6.12.1963, 2.

„Изјави на сочувство на американската воена единица", Нова Македонија, XX/6149, 24.11.1963, 1.

„Жалост во логорот на американската воена единица", Вечер, I/12, 23.11.1963 година, 2.

„Телеграма од Благој Попов до американската амбасада", Нова Македонија, XX/6149, 24.11.1963, 1.

„Досега: 90 отсто од задачата", Вечер, II/62, 2501.1964, 8.

„Работиме независно од временските услови, Студентски збор, X/18, 13.12.1963, 5.

„По најлошото време остварени 194,5 проценти", Студентски збор, X/19, 20.12.1963, 5.

„8 бараки за „Лирија", Вечер, I/32, 19.12.1963 година, 8–9.

„Група на инженериската единица на САД во посета на Охрид", Нова Македонија, XXI/6203, 22.01.1964, 6.

„Американците предадоа во употреба 25 монтажни згради", Нова Македонија, XXI/6197, 15.01.1964, 1.

„Тоа е меѓународен потфат", Нова Македонија, XXI/6197, 15.01.1964, 4;

„Готови првите студентски бараки", Вечер, II/53, 15.01.1964, 6.

„Објектите симбол на пријателството меѓу народите на САД и Југославија", Нова Македонија, XXI/6212, 31.01.1964, 4.

„Воената единица од САД ја заврши работата", Вечер, II/67, 31.01.1964, 1 и 8.

„Prijem kod generala Banine", Narodna Armija, XX/1279, 7.02.1964, 3.

„Замина од Скопје првиот ешалон на американската воена единица", Нова Македонија, XXI/6214, 2.02.1964, 1.

„Од Скопје замина и втората група на инженерската единица од САД", Нова Македонија, XXI/6216, 4.02.1964, 2.

„Заминува II ешалон од американската воена единица", Вечер, II/71, 5.01.1964, 8.

„Крсте Црвенковски и Благој Попов приредија ручек за претставниците на инженериската единица на САД", Нова Македонија, XXI/6218, 6.02.1964, 1.

„Скопје – убав пример на мирољубива и корисна соработка", Нова Македонија, XXI/6223, 11.02.1964, 1 и 8.

„Предадена населбата Шуто Оризаре", Вечер, II/76, 11.02.1964, 1 и 8;
„Американските станови предадени", Вечер, II/75, 10.02.1964, 1.
Odnosi izmedju Jugoslavije i Sjeninjenih država, *Pregled*, Mesečne novosti, Dodatak za Jun 1964, 1–2.
„Александар Грличков го прими амбасадорот на САД во Југославија", Нова Македонија, XXI/6320, 20.05.1964, 1.
„Амбасадорот на САД кај Грличков", Вечер, II/160, 20.05.1964, 1.

ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ

д-р Ивица Милевски, Некои податоци за катастрофалниот земјотрес во Скопје од 1963 г. (https://www.igeografija.mk/Portal/?p=4239).
USAFE Humanitarian Operations 1945–1997 (https://www.globalsecurity.org/military/library/report/1997/humanops.htm);
US Army Europe History (https://www.eur.army.mil/Mission-History).
R. G. Cleveland, Economic Counselor and Director of USAID Mission in Belgrade (1963–1965) https://adst.org/wp-content/uploads/2018/02/Macedonia.pdf).

Sašo DODEVSKI
Ministry of Education and Science

## OPERATION "HOME RUN": THE ACTION OF THE ENGINEERING UNIT OF THE U.S. ARMY FOR THE CONSTRUCTION OF FACILITIES FOR THE RESOLUTION OF THE CONSEQUENCES OF THE SKOPJE EARTHQUAKE (JULY 26, 1963)

(summary)

The actions of the engineering unit of the U.S. army for the construction of the buildings and facilities for the resolution of the consequences of the 1963 Skopje earthquake – Operation "Home Run" – took place from November 17, 1963 to February 11, 1964. The engineering unit and its personnel managed to build 253 buildings and facilities in different parts of the City of Skopje for various purposes: apartments, student facilities, kindergartens, schools, classrooms, children's facilities, social protection facilities, etc. The specific historical and international context of the unit's actions, the preparation and arrival in Skopje, the organization and concept of the implementation of the mission, the relations, cooperation and coordination with the Macedonian and Yugoslav state, local and military authorities, the realizati-

on of the mission on the ground, the challenges of American soldiers operating in this environment and specific conditions, as well as the successful completion of the task and the commissioning of the buildings and facilities, are the main characteristics of this operation. In a most difficult period for the city, the construction of American buildings and facilities made a significant contribution to overcoming the consequences of the Skopje earthquake.

## ИЛУСТРАТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

| *Construction Sequence for Each Team* | *Supervisors* | *Work Crew* |
|---|---|---|
| Site preparation and foundations | 1 | 8 |
| Joist and stringer assembly | 1 | 6 |
| Flooring installation | | 4 |
| Rib assembly, erection, and plumbing | 1 | 5 |
| Liner and insulation installation | 1 | 6 |
| Siding and roofing installation | 1 | 8 |
| Miscellaneous carpentry | 1 | 2 |
| Miscellaneous metal trim and electrical work | | 1 |
| | 6 | 40 |

Организациската поставеност на работните екипи при реализацијата на мисијата

| *Site Number* | *Purpose* | *Buildings* |
|---|---|---|
| 1 | Living quarters, stores, and school | 162 |
| 2, A, B, C | University | 25 |
| 3 | Student dormitories | 8 |
| 4 | Elementary School | 5 |
| 5 | Elementary School | 7 |
| 6 | Childrens' institution | 7 |
| 7 | Technical school | 14 |
| 8 | Day nursery | 8 |
| 9 | Orphanage | 17 |
| | | 253 |

Вкупно изградени објекти од американската инженериска единица[79]

[79] Angstadt P. John. *Army Disaster Relief at Skopje...*, 159–161 (двете табели). Авторот на овој прилог, во март 2023 година, направи посета на населбата Шуто Оризари и утврди дека таму сè уште постојат неколку бараки изградени од американската инженериска единица.



Американските инженерци при конструкцијата на објектите во Шуто Оризари, (Narodna Armija, XX/1275, 10.01.1964, 3).



СÈ ЗА НАСЕЛБИТЕ

**СТУДЕНТСКА НАСЕЛБА**

Населбата која се наоѓа во рамките на приградската населба „Тафталиџе“ е подарок од американската влада на скопските студенти.

*Оддалеченост:* 2 километри западно од центарот на градот

Објекти: 25 бараки

*Време на градењето:* населбата почна да се гради на 3 декември и за еден месец се изградени 8 монтажни згради

*Предадена на употреба:* 15 јануари 1964 година

*Градители:* населбата ја градеа припадниците на американската воена единица

*Забелешка:* населбата е сместена близу Педагошката школа во „Тафталиџе“.

Во овие бараки, наменети за студенти од Скопје, ќе се сместат лоборатории, библиотеки, читални и други потреби за одржување на редовната настава на сите скопски факултети.

А. М.

Вечер, II/74, 8.02.1964, 8.



Се за населбите

**»ШУТО ОРИЗАРЕ«**

Населбата „Шуто Оризаре“ се наоѓа северно од Скопје, близу гробиштата „Бутел“.

ОДДАЛЕЧЕНОСТ: 8 километри од центарот на градот

СТАНОВИ: 160 бараки

ВРЕМЕ НА ГРАДЕЊЕТО: населбата почната да се гради на 18 ноември 1963 година и за неполни три месеци се изградени бараките наменети за настраданите жители од Скопје

ПРЕДАДЕНА НА УПОТРЕБА: комплетното изградената населба е предадена на 11 февруари 1964 година

ГРАДИТЕЛИ: инженерскиот корпус на Армијата на САД од 39-та Инженерска група заедно со повеќе наши работници

ЗАБЕЛЕШКА: населбата е привремена и покрај населбите „Ѓорче Петров I“, „Ѓорче Петров II“ и „Аеродром“ таа е четврта населба комплетно предадена.

Главниот пат до населбата „Шуто Оризаре“ е асфалтиран, но приодите сé уште не се изградени и во најкусо време и тоа прашање ќе биде решено, со изградувањето на приодните патишта.

А. М.

Вечер, II/80, 15.02.1964, 8.



Заминување на американската инженериска единица од мисијата во Скопје, (Amerika pomaže susedu – Skopju..., 62).



Потпотполковник Френклин Мун (втор од десно) се поздравува со офицерите на ЈНА при заминувањето од Скопје (Amerika pomaže susedu – Skopju..., 64).